## ВОВЕД

Единаесетиот број на Ревијата за социјална политика ја анализира темата невработеност кај младите лица. Невработеноста како економски и социјален проблем е карактеристична за различни возрасни групи, но во последните години се покажува дека младите лица сè почесто се изложени на овој ризик. За таа цел, текстовите во овој број на Ревијата анализираат различни аспекти на состојбите, причините и спецификите на невработеноста кај младата популација како во Република Македонија, така и во регионот (Босна и Херцеговина и Албанија).

Воведниот текст (Мојсовска и Janeска) дава осврт на општите показатели за невработеноста во Република Македонија, со посебен акцент на импликациите од таквите состојби врз образованието, сиромаштијата, миграцијата и одливот на мозоци. Авторките заклучуваат дека слабата искористеност на потенцијалот на младата работна сила, кој се јавува како резултат на низа на состојби, како: јазот меѓу квалификациите и работната понуда, долго-

## INTRODUCTION

The eleventh issue of the Journal of Social Policy is analyzing the theme of youth unemployment. The unemployment as an economic and social problem may affect all age groups, but it is the young people that, in recent years, are more frequently exposed to this risk. For that purpose, the papers in this Issue are analyzing different aspects of conditions, reasons and specifics of youth unemployment in Macedonia, but also in the region (Bosnia and Herzegovina and Albania).

The introductory paper (Mojsovska and Janevska) gives overview of main indicators of youth unemployment in Macedonia, with special emphasis on unemployment implications on education, poverty, migration and the process of „brain drain“. The authors conclude that the low utilization of young labor force potential, which results from the number of factors, such as: gap between qualifications and job offers, long term unemployment etc., has a negative impact on human capital and reduces its value.

рочната невработеност и сл., негативно влијае врз човековиот капитал и ја намалува неговата вредност.

Наредниот тескт (Хромаџиќ) се базира на 18 месечна етнографска теренска работа во Босна и Херцеговина, прикажувајќи ги состојбите на младите невработени лица во рурална Босна. Авторката преку директни стории нуди увид во социо-економскиот живот на младите кои живеат во помали рурални средини и кои ја отсликуваат состојбата која авторката ја идентификува како социјален живот на чекање. Авторката заклучува дека во услови на невработеност и социјален живот на чекање, младите делуваат како немотивирани и дислоцирани граѓани, и стнуваат дел од сивата економија, миграцијата или коруцпијата. Излезот од ваквата состојба авторката го гледа во младите како активни агенти, кои се обидуваат да ја маневрираат својата улога и простор низ политичката и економската хибернација во нивната средина.

Третиот текст (Рустеми и Мемети) покрај теоретската анализа, се темели и на емпириско истражување на перцепциите на младите луѓе во општините Јегуновце и Чаир, во однос на перспективите и понудата за вработување во една рурална и една урбана средина. Резултатите

The second paper in this issue (Hromadzic) is based on 18 months of ethnographic field work in Bosnia and Herzegovina, and portraits the conditions of young unemployed people in rural Bosnia. The author, through the use of direct stories, offers an insight into the socio-economic life of young people in small rural areas, which depicts the condition which the author defines as „social life of waiting“. The author concludes the in circumstances of unemployment and social life of waiting,  many young people emerge as unmotivated and displaced citizens, subjects to shadow economies, migration or corruption. The author identifies that the reason for this is not young people’s apathy and lethargy, but rather their way of manoeuvring through political and economic hibernation of their society.

The third paper (Rustemi and Memeti) offers both a theoretical and empirical analysis of young people perceptions, living in municipalities of Jegunovce and Cair, in relation to perspectives for and supply of jobs in one rural and one urban environment. The results analyzed in this paper show that the young people from both communities are not satisfied with the efforts and activities of their local municipalities related to tackling the issue of unemployment. In that respect, one third of the young peo-

анализирани во трудот укажуваат дека младите лица во двете општини не се задоволни од напорите на нивната локална заедници во соочување со проблемот на невработеноста. При тоа една третина од младите во двете општини сметаат дека политичкиот клиентелизам е основен фактор за пристап до пазарот на труд. Авторите заклучуваат дека локалниот економски развој е клучен за решавање на проблемот на невработеноста во двете општини. Притоа тие ја нагласуваат потребата од формирање на институционални механизми за вклучување на младите, како: Програма за социјално практиканство, или трилатерални партнерства меѓу младите, локалната самоуправа и приватниот сектор.

Последниот текст во овој број (Џембо) аналира кои мерки на вработување се насочени кон младите (и женската) популација, преку примерот на услугите за вработување во Тирана. Авторката преку секундарни статистички извори и квалитативна анализа укажува на мерките за вработување кои не се родово сензитивни, ограничени административни капацитети на регионално ниво, недостаток од политики кои се базирани на докази, како и недоволен број на обуки и програми за квалификации. Сетоа ова, истакнува авторката, ги прават држа-

ple in both municipalities think that the political clientelism is the main source for access to the labor market. The authors conclude that the local economic development is the key for solving the unemployment in both local municipalities. Hence, they emphasize the need for formation of institutional mechanisms for youth inclusion, such as: Programme for social internship or trilateral partnerships between youth, local municipality and the private sector.

The last paper in this issue (Djembo) analyzes the employment measures targeted toward young (female) population, through the example of the employment services in Tirana. The author through a secondary statistical sources and qualitative analysis implies that the employment measures are not gender sensitive, are administered through restricted administrative capacities on regional level, are not evidence based, and lack adequate programs for training/qualifications. All this, according to the author, makes that national employment services not an important strategic institution for job search among the young people.

Dear readers, we hope that the offered papers in this issue on youth unemployment in Macedonia and the wider region, will present a provocation for further and more in-depth re-

вните услуги за вработување не толку важна стратешка институција во барањето работа меѓу младите лица.

Се надеваме дека понудените текстови во доменот на невработеноста кај младите во државата и регионот ќе претставуваат провокација за понатамошни и продлабочени истражувања на оваа тема, како и за преземање на мерки од страна налокалните и централните власти кои ќе ги имаат предвид истакнатите предизвици и сознанија кои тектстовите во оваа Ревија ги нудат.

Уредник,
Маја Геровска Митев

search of this topic, as well as an incentive for undertaking measures by the local and central authorities that will take into consideration identified challenges and evidences by the papers in this Journal.

Editor in chief,
Maja Gerovska Mitev